Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) Министерството за транспорт и врски, на ден __________ година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - 20 kV електроенергетски вод и придружни трафостаници ТС 10.5(21)/0.42kV со траса од постоен 10 kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне" КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена го објавува Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – 20kV електроенергетски вод и придружни трафостаници ТС 10.5(21)/0.42kV со траса од постоен 10Kv далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне" КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: изградбата на линискиот инфраструктурен објект – 20 kV електроенергетски вод и придружни трафостаници ТС 10.5(21)/0.42kV со траса од постоен 10kV далекувод за рудник Сивец до рудник за мермер „Волостоне" КО Присад, Општина Прилеп и КО Небрегово, општина Долнени, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување.

**4.** Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-1146/1
Датум: 08.02.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски